**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5447 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Согласно барањето од Методологијата, мониторингот да стави акцент на централната дневно-информативна емисија, анализата и во шестиот извештаен период (од 22 до 31 октомври 2016 година) е направена врз десет изданија на информативниот блок Обсервер на НОВА во 19 часот. Имајќи ја предвид

уредничката одлука на медиумот (констатирана во минатиот Извештај) известувањето за политичките партии во Обсервер на НОВА во 19 часот да биде поразлично отколку во другите, а со цел да се добие веродостојна слика за тоа како се одразува оваа одлука врз балансот во известувањето, извештајов содржи споредбени табели на вестите во 19 часот со две други подолги изданија емитувани во ударното време – во 17 и во 22 часот.

Вкупното времетраење на анализираните прилози во Обсервер на НОВА во 19 часот, изнесува 5 часа 28 минути и 55 секунди, од кои 4 часа 49 минути и 37 секунди (Табела 1) оформени преку некој од информативните жанрови (извештај, вест, извештај со коментар, интервјуа, изјави), додека 39 минути и 18 секунди се осврти и коментари.

***Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:03:21 | 1,16 % |
| Други субјекти | 00:24:20 | 8,40 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:03 | 11,76 % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:15 | 6,65 % |
| Без субјекти | 00:08:31 | 2,94 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:31:47 | 10,97 % |
| Собрание на РМ | 00:01:36 | 0,55 % |
| Претседател на РМ | 00:06:58 | 2,41 % |
| СДСМ | 00:15:08 | 5,23 % |
| Влада на РМ | 01:03:34 | 21,95 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:09 | 1,09 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:52 | 7,20 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:03 | 0,71 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:57 | 0,33 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:57 | 0,33 % |
| ДИК и други органи | 00:14:51 | 5,13 % |
| Граѓански сектор | 00:06:58 | 2,41 % |
| Јавно обвинителство | 00:10:00 | 3,45 % |
| Локална самоуправа | 00:02:28 | 0,85 % |
| Унитети | 00:01:04 | 0,37 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:21 | 0,81 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:50 | 0,98 % |
| АРМ | 00:01:35 | 0,55 % |
| Привремена комисија | 00:01:30 | 0,52 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:51 | 0,29 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:28 | 0,51 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:28 | 0,51 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:28 | 0,51 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:49 | 0,63 % |
| ГДОМ | 00:02:25 | 0,83 % |
| | **Вкупно: 04:49:37** | **100 %** |

Времето издвоено за најзастапениот субјект, Владата, освен прилози за редовните активности, во себе инкорпорира и речиси 27 минути од обраќањето на премиерот Емил Димитриев на Свечената академија

по повод 23 Октомври (пренесувано во живо), а има и прилози за активности, проекти, резултати од политики на Владата со позитивен контекст. Такви се, на пример: на 23 октомври „Почна изградбата на бункерот за акцелератор во ГОБ „8 Септември“ – инвестиција од 2 милиони евра“ (2 минути и 4 секунди); на 26 октомври прилогот означен со следниве телопи – „Дуинг бизнис: Историско рангирање, скок од 84 места за 10 години“, „Дуинг бизнис 2017“: Македонија на 10. место во светот, 5. во Европа“, „Пешевски: Рангирањето на Македонија во „Дуинг бизнис“ историски резултат“, „Дуинг бизнис 2017“: Македонија се наоѓа на 9-тото место во светот по индикаторот плаќање даноци“ (12 минути и 15 секунди); на 28 октомври „Продолжува обновата на фасадите во Скопската чаршија“ (1 минута и 53 секунди); на 29 октомври „8-ми Септември' ќе добие базен за физикална терапија“ (58 секунди); на 30 октомври „Клиниката за онкологија доби нов најсовремен „ЦТ“ симулатор“ (3 минути и 18 секунди); на 31 октомври „Банкарскиот сектор стабилен и ликвиден, штедните влогови сигурни“, со втор телоп „Министерството за финансии го објави државниот и јавниот долг“ (вкупно 8 минути и 45 секунди). Освен прилози со позитивен контекст за власта, во кои како субјекти се јавуваат претставници на Владата, има и ваков тип прилози со други субјекти (експерти, стопанственици и сл.).

Втора по временската застапеност е методолошката категорија *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“*, односно категорија во која влегуваат различни организации или личности од странство тогаш кога нивните активности се однесуваат на Република Македонија.

Трета е ВМРО ДПМНЕ за која, освен извештаи со неутрален тон од активности на терен, ветувања, прес-конференции и реакции има и прилози со позитивен тон.

Наредна е разноликата методолошка категорија *„други субјекти“*, во која, се вброени: поранешен шеф на дипломатијата, Институтот за истражување на политики и добро владеење, Ериксон, Слободан Богоевски, ЕЛЕМ, Република, медиуми, Мобидонија, Кликон технологии, Стопанска комора на Република Македонија, Форбс, НБРМ, Здружение на банкарство при Стопанската комора итн.

Следни по присуството во вестите се претставниците на органите на државната управа и на јавните претпријатија.

Натаму, следува уште една збирна категорија – експертите и аналитичарите.

Седма по присуството во информативните прилози (со неутрален тон) е СДСМ со информации за нејзините активности, ветувањата и критиките кон ВМРО ДПМНЕ и власта. Негативен тон може да се сретне во аналитичките жанрови.

Од оние субјекти кои имаат присуство поголемо од 10 минути, ги бележиме уште Државната изборна комисија и јавното обвинителство.

Освен за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, информации, во мал обем, има и за следниве политички партии/субјекти: ДУИ, ВМРО НП, ГРОМ, Обединети демократски сили на Ромите, Коалиција за промени и правда, Народно движење за Македонија, Достоинство, Унитети, Демократска партија на Србите во Македонија, СПМ и ДПА.

ТВ НОВА донела уредничка одлука, во централната дневно-информативна емисија, за некои актуелни настани да известува преку реакциите за нив (на пример: изјавите на Слободан Богоески, наводите за сообраќајни прекршоци на дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов).

***<u>Табела 2 – Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:58 | 12,71 | % |
| СДСМ | 00:08:16 | 7,52 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:46 | 0,70 | % |
| Други субјекти | 00:06:54 | 6,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:49 | 6,20 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:29 | 11,36 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:34:51 | 31,72 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:52 | 0,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:35 | 5,99 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:28 | 0,42 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:16 | 1,15 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:18 | 0,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:56 | 2,67 | % |
| Унитети | 00:00:33 | 0,50 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:38 | 1,49 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:43 | 2,47 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:56 | 0,85 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:26 | 2,21 | % |
| АРМ | 00:00:26 | 0,39 | % |
| Привремена комисија | 00:01:44 | 1,58 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:37 | 0,56 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:28 | 0,42 | % |
| ГДОМ | 00:01:54 | 1,73 | % |
| | **Вкупно = 01:49:53** | **100** | **%** |

Кај директните обраќања (Табела 2), три субјекти имаат позначајно временско присуство – Владата (во чие време влегува и говорот на премиерот Димитриев на Свечената академија по повод 23 Октомври), ВМРО ДПМНЕ и експертите/аналитичарите.

Што се однесува до аналитичките жанрови (осврти и коментари), на 22 октомври, Телевизијата во „Јанева го потврди вработувањето на внукот" (2 минути и 32 секунди), ја преразгледува кадровската политика на Специјалното јавно обвинителство во светло на најновата изјава од интервју на Катица Јанева дадено за ТВ Телма, при што се повторуваат и информациите за Борче Трајковски (Боки Бургија).

На 25 октомври, ТВ Нова го емитува преземениот/симулиран коментар „Република": Целта и планот на СЈО е СДСМ да доживее пораз со помала разлика" и „Република": Јанева и Заев имале директна средба" (2 минути и 4 секунди) со негативен тон за СЈО и СДСМ. Пред него и по него се емитуваат по два прилози кои се однесуваат на СЈО. Од прилозите емитувани претходно, првиот е означен со телопите „ОЈО отвора постапка за незаконско работење на СЈО" и „ОЈО: Истражител на СЈО и приватен детектив незаконски снимале приватни објекти" (3 минути и 54 секунди), а вториот „Зврлевски и ОЈО и пишаа на Јанева: Чесно живеј, друг не повредувај" (4 минути и 42 секунди). Од прилозите кои следуваат, првиот е реакцијата „СЈО: Се прави обид за дискредитација на ова јавно обвинителство" (2 минути и 5 секунди), а вториот „Каракамишева: СЈО се вклучи во предизборието на страната на СДСМ" (1 минута и 8 секунди).

Потоа, во вестите се пренесува и „Груевски за ФОРБС: Поминавме низ тешка криза, но земјата сега оди во подобра насока" (5 минути и 24 секунди), со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот претседател. Во најавата, меѓу другото се вели: „Според најавата на интервјуто на американското водечко списание, економско списание 'Форбс', Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ ќе бидат победници на претстојните Предвремени парламентарни избори на 11 декември".

На 27 октомври, ТВ Нова емитува коментаторски извештај со неколку телопи-наслови „ВМРО ДПМНЕ: Осудениот за криминал Богоевски ќе добие тужба за клевета", „Георгиевски: Не е точно дека Кондоминас сугерирал Груевски да биде министер, премиер или претседател на ВМРО ДПМНЕ" и „Богоевски беше осуден на 2 години затвор за перење пари" (2 минути и 4 секунди). Откако во најавата за прилогот накусо се кажува дека „бура во јавноста предизвика синоќешното интервју на поранешниот директор на УБК Слободан Богоески, во кое изнесе низа обвинувања за лидерството на ВМРО ДПМНЕ", се пренесуваат

писмената реакција на ВМРО ДПМНЕ и изјавата на лидерот на ВМРО НП Љубчо Георгиевски. Во прилогот се користи видео материјал од интервјуто на Богоески за Топ тема на ТВ Телма, но ТВ Нова избира да не емитува или прекаже некоја од неговите изјави, на кои се однесуваат реакциите. На крајот од прилогот се користи снимка на која Богоески е покажан додека, со лисици на раце, двајца полицајци го внесуваат во полициско комбе; потоа како, со лисици на рацете, го спроведуваат во суд; па колона полициски возила и потоа пак почетната сцена со внесувањето во полициското комбе. Притоа, медиумот потсетува: „Слободан Богоески во април 2013 година, заедно со уште три лица беше приведен во полициската акција 'Агент' поради сомнение дека сториле повеќе кривични дела. Богоески се товареше дека заработил околу 132 илјади евра од малверзацијата со продажбата на парцелата кај Спортскиот центар 'Борис Трајковски'. Суштината на проневерата беше во продажбата на земјиште кај Спортскиот центар 'Борис Трајковски' на словенечки 'Меркатор' во име на кипарска фирма иако тоа веќе и било одземено на кипарската фирма од страна на државата. На ваков начин биле проневерени 1 милион евра. Осум месеци подоцна заврши и судскиот процес во којшто, врз основа на докази, Богоески беше прогласен за виновен. Тој беше осуден на двегодишна казна затвор за перење пари".

Истиот ден, подолу во вестите, се емитува „Економија: Каква е поддршката за старт ап компаниите во Македонија?" (4 минути и 53 секунди) со позитивен тон за економските политики на власта. Се прави осврт на позиционирањето на Македонија во Извештајот „Дуинг бизнис", по што се емитуваат изјави на Даниел Димов – Мобидонија (старт ап компанија) и на Ристе Самарџиев – коосновач на Кликон технологии, како и на Јасмина Поповска - директорката на Фонд за иновации и технолошки развој. Кон крајот се наведува дека „Република Македонија е најдобро рангирана во областа „Започнување на бизнис" каде е позиционирана на високото 4 место во светот. Доколку се направи споредба со 2006 година има подобрување кај овој индикатор од 72 места" и се посочуваат и другите показатели.

На 28 октомври, Телевизијата во освртот „Што ќе донесе најновиот извештај на ЕУ за Македонија?" (3 минути и 57 секунди) анализира каков ќе биде извештајот за РМ, каква препорака ќе добие Македонија и какви ќе бидат ефектите.

На 29 октомври се пренесува напис од списанието „Форбс" со позитивен тон за Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ - „Репортажа на Форбс: И покрај политичката криза, Македонија напредува со реформите". Прилогот има и втор телоп „Ројмер: Македонија покажува како треба да се поддржи економијата за време на политичка криза" (2 минути и 55 секунди).

Потоа се прикажува освртот со позитивен тон за владините мерки во економијата „Даночните реформи го олеснија инвестирањето на домашните компании во МК" (3 минути и 39 секунди) за тоа колку е олеснето водењето бизнис во земјава, при што се емитуваат разговор со Саво Станковиќ, сопственик на домашната компанија Хајтек и телефонска изјава на Калојан Стајков - економист на Институтот за пазарна економија во Софија.

На 31 октомври се емитува освртот „Избори 2016: Се вжештува политичката битка за албанските гласови меѓу ДУИ и СДСМ", со дополнителен телоп „Партиски препукувања за избирачкиот список" (5 минути и 58 секунди). Повод е изјавата на претседателот на ДУИ Али Ахмети дека СДСМ не треба да се надева на гласовите на Албанците на изборите. Оваа изјава се емитува во прилогот, по што се наведува дека Ахмети, преку шефот на изборниот штаб Беким Незири, пратил порака и „до другите македонски партии" дека не гледа сојузник во ниту една од нив. Потоа се пренесува дека Ахмети ветил оти албанскиот јазик ќе стане официјален на целата територија на државата, по што се вели дека „сличен став имаше и лидерот на СДСМ Зоран Заев" кој имал очекувања на следните избори да добие најмногу албански гласови, што се илустрира со изјавата на Заев со оваа содржина дадена во интервју за Нова ТВ. Потоа, се наведува дека на изјавата на Ахмети, реагирал портпаролот на СДСМ Петре Шилегов, според кого тоа е потврда на стравот на ДУИ од тоа што СДСМ го нуди со својата програма. Кон крајот се вели: „Инаку Социјалдемократскиот сојуз, освен со програмата, за гласовите на Албанците се бори и со кадровската политика. Во своето раководство го приклучи новинарот Мухамед Зекири, што предизвика низа реакции во јавноста, поради неговите радикални ставови по одредени прашања, а дел од раководството на социјалдемократите од поодамна е и поранешниот

политички аналитичар Едмонд Адеми". Во одјавата за прилогот, меѓу другото се вели: „Причината поради којашто се случува ова, е целната група којашто ја таргетираше СДСМ - без оглед на етничката припадност, нешто што го има и кај власта, меѓутоа Ахмети со конкретна порака дека социјалдемократите, односно опозицијата, задоцниле со тоа да го бараат гласот на просечниот Албанец на претстојните избори."

Непосредно по овој прилог, се емитува уште еден осврт „Избори 2016: Има ли сличности во предизборните процеси во Македонија и САД?" (3 минути и 10 секунди), кој е најавен на следниов начин: „А, има ли сличности во предизборните процеси во Македонија и во оние во Америка. Кај нас работата на Специјалното јавно обвинителство може да влијае врз изборните резултати исто како што во Америка работата на ФБИ може да влијае врз исходот на претседателските избори, посебно со последните нови информации за отворање на истрага за мејловите на Хилари од страна на ФБИ". Следува прилогот каде своето мислење на оваа тема ги изнесува политичкиот аналитичар Цветин Чилиманов, кој ја застапува тезата дека СДСМ нема типична предизборна кампања со ветувања и економска програма, туку „буквално целата програма на СДСМ е сведена на тоа што ќе се објави пред изборите како предизборни дејствија за партијата ВМРО ДПМНЕ". Понатаму, во прилогот се наведува оти уште една сличност на двата изборни процеси е изјавата на Трамп дека ако изгуби нема да ги признае изборите, а дека во Македонија има „долга историја на непризнавање на изборниот исход". Потоа, пренесена е изјава од Антонио Милошоски во врска со работата на СЈО (повикувани се членови на ВМРО ДПМНЕ да дадат исказ во Обвинителството) и изјавата на Александар Кирацовски од интервјуто за „Фокус" (за очекувањето СЈО наскоро да отвори голем број предмети) на што се реагирало дека тоа е доказ оти СЈО и СДСМ „заеднички и координирано дејствуваат пред изборите".

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Овој десетдневен период започнува на 22 октомври со емитување на полноќното репризно издание на дебатната емисија *Аргументи*. На тема „Изборите и по нив" гостин е Стевчо Јакимовски, претседател на партијата ГРОМ. Емитувани се уште две репризи истиот ден, во 7 часот и 23 минути и во 11 часот и 33 минути.

На 22 октомври во 14 часот и 28 минути емитуван е колаж од акценти од повеќе дебатни емисии *Отворено студио* на ТВ Нова: „Како до изборите, што по изборите" - Ненад Марковиќ, политолог и Сашо Клековски – политички аналитичар; „До изборите и по нив" - Петре Шилегов, СДСМ; „До изборите и по нив" - Илија Димовски, ВМРО-ДПМНЕ; „До изборите и по нив" - Стевче Јакимовски, претседател на партијата ГРОМ; „Прави ли СЈО обид за политичка пресметка?" - Елизабета Канческа Милевска, министерка за култура и Миле Јанакиевски, поранешен министер за транспорт и врски.

Истиот ден во 18 часот и 34 минути, во премиерното издание на *Отворено студио на албански јазик* емитувано е интервју со Висар Фида, директор на Агенцијата за странски инвестиции.

Во редовниот термин за емитување на премиерното издание на *Отворено студио* во 20 часот и 30 минути, на тема „Музика во нови сали", дебатираат Игор Дурловски, директор на МОБ, Маја Чаначевиќ, директорка на Македонската филхармонија и Денис Илиоски од Авалон. Репризи се емитувани на преминот од 22 кон 23 октомври како и на 23 октомври во 7 часот и 26 минути и во 11 часот и 29 минути.

На 23 октомври во 14 часот по повод Денот на револуционерната борба, во емисијата *Око* гостуваат двајца поранешни претседатели на Собранието на РМ, Стојан Андов и Љубиша Георгиевски. Тема на разговор е политичката ситуација во Македонија по осамостојувањето и сега. Се коментира и Охридскиот договор, влијанието на тајните служби итн. Репризи на ова издание на *Око* се емитувани на преминот од 23 кон 24 октомври, следниот ден околу пладне и на 28 октомври во 8 часот и 4 минути.

На 24 октомври, во 20 часот и 30 минути, во дебатната емисија *Аргументи* гостува претседателот на ВМРО-НП Љубчо Георгиевски. Со ова гостување, ТВ Нова продолжува со серијата разговори со лидери и претставници на политички партии. Тема на разговорот е „До изборите и по нив". Реприза се емитувани во редовните термини, на преминот од 24 кон 25 октомври и следниот ден во 5 часот и 30 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 25 октомври во редовниот термин за дебатната емисија *Отворено студио,* гостуваат поранешниот претседател на ВМРО-НП и сегашен член на ВМРО-ДПМНЕ, Марјан Додовски и политичкиот аналитичар Александар Пандов. Тема на дебата е „ВМРО-НП во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ или во опозициски блок?". Ова издание на *Отворено студио* е репризирано на 26 октомври по полноќ, рано наутро во 5 часот и 28 минути и околу пладне.

На 26 октомври во 20 часот и 36 минути емитувано е премиерното издание на дебатната емисија *Аргументи* на тема „Чекајќи го извештајот на ЕК". Гости во студиото се Александар Даштевски, универзитетски професор и политички аналитичар, Зоран Шапуриќ, универзитетски професор и претставник на ЛДП и Малиша Станковиќ, член на ИК на СПМ. Реприза се емитувани на преминот од 26 кон 27 октомври и следниот ден во 5 часот и 16 минути и околу пладне.

На 27 октомври, во редовниот термин за *Отворено студио,* гостуваат Виктор Мизо, директор на ТИРЗ и универзитетскиот професор Драган Тевдовски. Емисијата е посветена на извештајот „Дуинг бизнис" на Светска банка, и рангирањето на Република Македонија во него. Прва реприза е емитувана околу полноќ, а другите две на 28 октомври во редовните термини по 5 часот наутро и околу пладне. Реприза од ова издание е емитувано и на 30 октомври во 11 часот и 32 минути.

На 28 октомври, во 9 часот и 4 минути, емитувано е *Отворено студио-колаж од акценти* од дебатните емисии од изминатата недела. „Како до изборите, што по изборите": Ненад Марковиќ - политолог, Сашо Клековски - политички аналитичар; „До изборите и по нив": Петре Шилегов – СДСМ; „До изборите и по нив": Илија Димовски – ВМРО-ДПМНЕ; „До изборите и по нив": Стевче Јакимовски – ГРОМ; „Прави ли СЈО обид за политичка пресметка": Миле Јанакиевски – поранешен министер за транспорт и врски, Елизабета Канческа Милевска – министерка за култура.

На 28 октомври, во 20 часот и 42 минути, емитувано е премиерно издание на *Аргументи* на тема „Регионот – поле на разузнавачки игри". Во студиото дебатираат Томе Батковски, универзитетски професор, Ристо Никовски, поранешен амбасадор и Александар Даштевски, политички аналитичар. Емитувани се 3 редовни реприза на преминот од 28 кон 29 октомври и следниот ден по 7 часот и околу пладне.

На 29 октомври во 14 часот и 30 минути е емитувано уште едно издание на *Отворено студио – колаж од акценти.* Темите опфатени во ова издание се: „До изборите и по нив": Љубчо Георгиевски – претседател на ВМРО-НП; „ВМРО-НП во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ или во опозициски блок?": Марјан Додовски – ВМРО ДПМНЕ, Александар Пандов – политички аналитичар; „Македонија меѓу најразвиените економии во светот": Виктор Мизо – директор на ТИРЗ, Драган Тевдовски – универзитетски професор; „Чекајќи го извештајот на ЕК": Малиша Станковиќ - СПМ, Зоран Шапуриќ - ЛДП, Александар Даштевски – политички аналитичар; „Регионот – поле на разузнавачки игри": Томе Батковски – универзитетски професор, Ристо Никовски, поранешен амбасадор и Александар Даштевски – политички аналитичар.

Во 17 часот и 49 минути емитувано е *Отворено студио на албански јазик* со универзитетскиот професор Исак Шерифи и Усен Салиху, главен уредник на весникот „Лајм". Тема на дебатата се парламентарните избори на 11 декември, опозициските партии, резултатите од изборите и што по нив.

На 30 октомври во 14 часот е емитувана дебатната емисија *Око.* Тема на дебата е „Театарската уметност и политика", на која дебатираат актерите Сања Арсовска, Марин Бабиќ и Крсте Јовановски и директорот на Театарот за деца и младинци, Братислав Димитров. Реприза на емисијата *Око* се емитувани истиот ден во 23 часот и 30 минути како и следниот ден во 5 часот и 32 минути и во 11 часот и 32 минути.

На 31 октомври, емитувано е уште едно издание на емисијата *Аргументи* каде гостин е претставник на политичка партија. Во студиото водителот Љубиша Николовски разговара со Артан Груби, шеф на

кабинетот на ДУИ на тема „Јагма за албанските гласови". Реприза е емитувана истиот ден по 23 часот и 40 минути.

*Интервјуа*

На 22 октомври, во 12 часот и 29 минути, емитувано е интервју со Мајк Зафировски – еден од основачите на организацијата Македонија 2025. Репризно издание е прикажано на 28 октомври во 7 часот и 30 минути.

Истиот ден, во 12 часот и 40 минути, е прикажано и интервју со Мајкл Мизрахи – професор на Азрели колеџот во Израел, еден од говорниците на Самитот Македонија 2025. Интервјуто е репризирано во 18 часот и 44 минути.

На 22 октомври е емитувано интервју со проф. д-р Орце Поповски – декан на Воена Академија и со д-р Митко Богдановски. Тема на разговор е сајбер криминалот. Интервјуто на оваа тема е репризирано три пати на 22 октомври и еднаш на 27 и 31 октомври.

На 23 октомври, во 10 часот и 30 минути, премиерно е прикажано интервју со Мартин Безак, амбасадор на Република Словачка во Република Македонија. Тема на разговор е „Иднината на ЕУ по Брегзит и европските перспективи на Република Македонија". Прикажани се 4 репризи на ова интервју, по еднаш на 23 и 24 октомври и две на 28 октомври.

На 25 октомври, во 12 часот и 44 минути, емитувано е кратко интервју со Веселин Марешки, кандидат за претседател на Бугарија. Во текот на денот тоа е репризирано два пати, во 13 часот и 46 минути и во 16 часот и 46 минути.

На 27 октомври во Обсервер на Нова од 20 часот, емитувано е интервју во вестите со универзитетскиот професор Иванка Додовска.

На 28 октомври во 15 часот и 48 минути емитувано е интервју со универзитетскиот професор Томе Неновски. Интервјуто е спроведено по објавениот извештај „Дуинг бизнис" од Светска банка и високото рангирање на Македонија во него. Ова интервју е репризирано на 29 октомври во 1 часот 18 минути и на 31 октомври во 12 часот и 46 минути.

На 29 октомври емитувано е премиерно издание на интервјуто со претседателот на Собранието на РМ Трајко Вељановски. Реприза е емитувана следниот ден во 7 часот и 8 минути.

*Други информативни програми*

На 26 октомври, во 11 часот и 44 минути, емитувано е директно вклучување од Владата на РМ, каде министерот за финансии Кирил Миноски и вицепремиерот Владимир Пешевски одржуваат прес-конференција посветена на извештајот „Дуинг бизнис" од Светска банка.

На 31 октомври во склоп на вестите во 14 часот *Во зенит со Нова,* емитувано е директно вклучување во Музејот на ВМРО каде претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски има директно обраќање по повод промовирањето нови мерки на партијата во здравството.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во извештајниот период од 22 до 31 октомври 2016 година, ТВ Нова емитуваше повеќе прилози со позитивен контекст за активностите на власта (опишано погоре во извештајов), а поврзување на власта со политички субјект има во следниве прилози:

***Обсервер на Нова во 19 часот 22.10.2016***

19:08:28 – 19:13:25 „Груевски: 400 милиони евра за инфраструктурни проекти", „Околу еден милион евра за изградба на последната фаза од булеварот „Србија", „Груевски: 59 милиони евра за водоводна и канализациска инфраструктура" - увид во изградбата на булеварот Србија, од страна на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, градоначалникот на Скопје – Коце Трајановски, градоначалничката на општина Кисела Вода – Билјана Беличанец и министерот за транспорт и врски – Владо Мисајловски.

***Обсервер на Нова во 19 часот 27.09.2016***

19.14.29 – 19.16.17 „Спасов: На 11 декември ќе славиме една голема победа" – Дополнителниот заменик министер е претставен и како ВМРО ДПМНЕ и како владин функционер, а прилогот е за партиска активност.

***Сектор за програмски работи***

**Прилог**

| ТВ Нова - 22 октомври | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Дневен бриф на Нова во 17 часот** | **Време** | **Обсервер на Нова во 19ч.** | **Време** | **Обсервер на Нова во 22ч.** |
| 17:00:25-17:06:52 | УБК презеде одговорност за обезбедување на системите;<br>СЈО се враќа во УБК, се чека странскиот експерт;<br>Јанева го потврди вработувањето на внукот;<br>Јанева не открива колкава плата има | 19.00.33-19.02.28 | Свечената академија по повод празникот 23 октомври | 22:00:58-22:01:37 | Само најава за прилог кој во моментот се подготвувал. Обраќање на Емил Димитриев во МОБ |
| 17:06:52-17:08:39 | Костов: Однесувањето на Јанева е неприфатливо | 19.02.54 – 19.07.11 | Раководството на ВМРО-ДПМНЕ интензивно на терен (Кирил Миноски Илија Димовски Спиро Ристовски) | 22:02:04-22:04:49 | Раководството на ВМРО-ДПМНЕ интензивно на терен (Кирил Миноски, Спиро Ристовски, Христијан Делев, Ванчо Костадиновски) |
| 17:09:06-17:09:40 | Ахмети не верува дека нешто може да ги спречи изборите (Али Ахмети) | 19.07.12 – 19.08.27 | Заев во Валандово: Ќе ја зголемиме минималната плата (Зоран Заев) | 22:04:49-22:07:00 | Заев во Валандово: Ќе ја зголемиме минималната плата (Зоран Заев, Љупчо Николовски) |
| 17:09:40-17:10:44 | Заев денеска на средби со граѓаните на Валандово (Зоран Заев) | 19.08.28 – 19.13.25 | Груевски: 400 милиони евра за инфраструктурни проекти (Никола Груевски, Коце Трајановски) | 22:07:00-22:09:57 | Груевски: 400 милиони евра за инфраструктурни проекти (Никола Груевски, Коце Трајановски) |
| 17:10:44-17:13:31 | Груевски на увид на градежните работи на кружен тек кај Цементара; Груевски: 320 милиони евра инвестиции во инфраструктурата (Никола Груевски, Коце Трајановски) | 19.13.40 – 19.16.12 | Јанева го потврди вработувањето на внукот | 22:10:05-22:17:55 | Свечена академија по повод празникот 23 Октомври;<br>Изборите на 11 декември се единствено решение на политичката криза |
| 17:13:31-17:15:00 | Раководството на ВМРО ДПМНЕ интензивно на терен (Кирил Миноски) | 19.16.13 – 19.17.29 | соопштение на СЈО | 22:18:02-22:20:34 | Јанева го потврди вработувањето на внукот |
| 17:23:43-17:25:57 | „Ќебапот – чаршиски бисер на соживот“ во старата скопска чаршија | 19.17.37 – 19.19.04 | Промоција на книгата на : Слободан Богоевски | 22:20:34-22:21:52 | СЈО: УБК презеде одговорност за обезбедување на системите |
| 17:25:57-17:28:59 | Охрид има потреба од банка за храна | 19.19.06 – 19.21.42 | Саем за стипендии „Студирај во странство 2016“ | 22:21:59-22:23:53 | Чаначевиќ за новата филхармонија: Многу се радуваме што конечно ќе добиеме дом |
| 17:28:59-17:30:39 | Македонија во „Вог“: Светот се воодушевува на нашата земја и храна | 19.21.43 – 19.56.06 | Директно вклучување од МОБ од свечената академија по повод празникот 23 октомври | 22:23:53-22:25:15 | Промоција на првиот том од циклусот „Етногенеза и култура на древните Македонци“ |
| 17:30:39- | На карпата Кукуле се крие ликот на Цар Самоил | | | 22:25:15- | Саем за стипендии „Студирај во странство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:33:42 | | | | 22:27:51 | 2016" |
| | | | | 22:27:58-22:30:05 | „Ќебапот – чаршиски бисер на соживот" во старата скопска чаршија |
| | | | | 22:30:05-22:31:43 | Македонија во „Вог": Светот се воодушевува на нашата земја и храна |

| ТВ Нова - 23 октомври | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Дневен бриф на Нова во 17 часот** | **Време** | **Обсервер на Нова во 19ч.** | **Време** | **Обсервер на Нова во 22ч.** |
| 17:00:25-17:00:53 | Македонија го одбележува денот на македонската револуционерна борба; | 19.00.19 – 19.04.32 | Македонија го одбележува денот на македонската револуционерна борба | 22:00:22-22:04:00 | Македонија го одбележува денот на македонската револуционерна борба;<br>Иванов: Да изградиме култура на дијалог и компромис;<br>Груевски: Борбата за слободна Македонија и денес е исто жива и силна како пред 123 години |
| 17:00:53-17:06:07 | Иванов: Да изградиме култура на дијалог и компромис;<br>Груевски: Борбата за слободна Македонија и денес е исто жива и силна како пред 123 години | 19.04.32 – 19.06.52 | Државни делегации положија цвеќе пред споменикот на основачите на ВМРО | 22:04:00-22:07:11 | Доделена државната награда „23 Октомври" |
| 17:06:07-17:07:59 | Алаѓозовски: ВМРО ДПМНЕ нема ништо заедничко со историското ВМРО;<br>Реакција на министерството за култура: СДСМ и Алаѓозовски го допреа дното | 19.06.52 – 19.11.42 | Македонија го одбележува денот на македонската револуционерна борба | 22:07:11-22:10:27 | Димитриев: Изборите на 11 декември се единствено решение на политичката криза;<br>Димитриев: На изборите одлучуваат граѓаните, а не партиите, специјални органи или институции |
| 17:07:59-17:12:58 | Македонија го одбележува денот на македонската револуционерна борба;<br>Димитриев: ВМРО е темелот на Македонија, наш симбол и движечка сила;<br>Димитриев: Изборите на 11 декември се единствено решение на политичката криза;<br>Димитриев: Органите на правдата да не бидат портпароли | 19.11.42 – 19.13.32 | Алаѓозовски: ВМРО ДПМНЕ нема ништо заедничко со историското ВМРО<br>Телоп: Реакција на Министерството на Култура: СДСМ и Алаѓозовски го допреа дното | 22:10:27-22:13:50 | Србов: Не смееме на државните празници да им даваме идеолошки карактер |
| 17:12:58-17:14:43 | Доделена државната награда „23 Октомври" | 19.13.32 – 19.18.21 | Димитриев: Изборите на 11 декември се единствено решение на политичката криза | 22:13:50-22:16:56 | ГДОМ во Велес: Време е за крај на кризата |
| 17:14:51- | Поставен камен темелник на акцелератор во | 19.18.21 – | Македонија го одбележува денот | 22:17:03- | „The Hill": Пофалби за програмата на Груевски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:16:44 | болницата „8 Септември“ | 19.19.16 | на македонската револуционерна борба | 22:20:02 | |
| 17:16:44-17:18:52 | Груевски: За време на нашиот мандат се изградени 74 училишта;<br>Скопје ќе добие затворена тениска арена и сали за гимнастика и боречки спортови (Никола Груевски) | 19.19.24 – 19.24.08 | Павлопулос: Ќе го бранам грчкиот идентитет на Македонија | 22:20:02-22:22:02 | Павлопулос: Ќе го бранам грчкиот идентитет на Македонија |
| 17:18:52-17:21:33 | „The Hill“: Пофалби за програмата на Груевски | 19.24.41 – 19.26.46 | ДУИ се подготвува на избори (Беким Незири) | 22:22:10-22:25:13 | Почна изградбата на бункерот за акцелератор во ГОБ „8 септември“ – инвестиција од 2 милиони евра |
| 17:21:33-17:23:28 | Павлопулос: Ќе го бранам грчкиот идентитет на Македонија | 19.26.46 – 19.27.35 | ИПДВ: Албанските гласачи со најголема поддршка за ДУИ, БЕСА на второ место. (ИПДВ, анкета) | 22:25:13-22:27:41 | Во Сопиште седум лица се затруле со печурки |
